# Креативни заедници

**Финансиска поддршка:**
Проект на УСАИД за граѓанско учество

**Времетраење:**
01 март 2018- 28 февруари 2021

**Цели:**
Подобрување на животот во заедниците, чувството на припадност кон заедницата, подигнување на креативниот потенцијал на заедниците преку различни видови на креативни иницијативи, акции и настани, како и активности за јакнење на капацитетот на заедниците со крајна цел социјален развој на заедниците во Македонија.

**Целни групи:**
Главна целна група на проектот се мали организации кои функционираат на ниво на локалните заедници, неформални граѓански групи кои работат на локално ниво, креативци и уметници. Проектот ќе се имплементира на ниво на Република Македонија со посебен таргет на селата и малите градови кои имаат под 10.000 жители и селата кои имаат висок процент на млади помеѓу жителите.

**Крајни корисници:**
Населението од руралните региони и малите градови низ цела Македонија со особен акцент на југоисточниот, јужниот и западниот дел на Македонија, како и заедниците кои се соочени со проблеми од различен тип, а во чие решавање може да помогнат методите на креативната комуникација и креативниот активизам.

**Активности:**

Креирање и поддршка на различни локални иницијативи кои би се спроведувале на ниво на заедници. Иницијативите ќе бидат поврзани со различни активности, вклучувајќи и организација на јавни настани наменети за заедниците;

Обуки наменети за развој и едукација на формални (локални) граѓански организации и неформални групи од заедниците за мобилизирање на заедницата, менаџмент на настани и комуникација (истражување и идентификување на локални проблеми и можности, креативни пристапи во нивата работа, вештини за организирање на настани и комуникациски стратегии);

Урбани арт акции замислени како заеднички реакции/одговори на проблемите на локално ниво. Урбаните акции се креативни и артистички и е планирано да се реализираат на заедничко јавно место. Тие имаат двојна цел- да придонесат за разубавување на заедниците и за визуелизација на проблемите, но и за подигнување на свеста на клучните институции кои можат да го решат проблемот.

**Очекувани резултати:**
Развој на капацитетите на формалните и неформалните групи на локално ниво, имплементација на 27 локални иницијативи кои имаат за цел претставување на културните, развојните и човечките потенцијали, решавање на проблемите преку различни форми на креативно делување и разубавување на јавните простори
во градовите и селата низ Македонија.

Центар за современи уметности
*Бул. Гоце Делчев, ТЦ Мавровка, Ламела А- кат 1/10, 1000 Скопје* http://www.cac.org.mk/